Бр: 03-118/2
Скопје: 23.06.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 23.06.2020 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст „Комисија„) од давателот на државна помош – Влада на Република Северна Македонија преку Министер без ресор задолжен за странски инвестиции Зорица Апостолска (во натамошниот текст „Давател на помош„„ доби Барање на мислење бр. 03-118/1 од 28.05.2020 година во врска со предлог договорот за државна помош од страна на Владата на Република Северна Македонија на примателот на помошта – компанијата ВИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ с. Алинци Прилеп (во натамошниот текст: „Предлог договор„), за вториот инвестициски проект, а кој беше доставен во прилог на Барањето на мислење заедно со писмото за намери од страна на примателот на државната помош.

Комисијата го разгледа доставениот Предлог договор со кој е предвидено доделување на државна помош преку осум мерки кои Давателот на помошта ги има наведено во Барањето на мислење и тоа:

1. **Ослободување од плаќање на данок на добивка за период до 10 години;**
2. **Ослободување од плаќање на персонален данок на доход по основ на исплатени плати на вработените за период до 10 години;**
3. **Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност;**
4. **Ослободување од плаќање на царински давачки;**
5. **Ослободување од обврска за доставување на гаранција како инструмент за обезбедување на царински долг;**
6. **Ослободување од надоместок за уредување на градежното земјиште;**
7. **Помош во износ до 10% од износот на реализирани почетни или дополнителни инвестициски вложувања, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност во период од 5 години и**
8. **Дополнителна помош во износ од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност во период од 5 години.**

Комисијата смета дека мерките:

1. **Ослободување од плаќање на данок на добивка за период до 10 години;**
2. **Ослободување од плаќање на персонален данок на доход по основ на исплатени плати на вработените за период до 10 години;**
3. **Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност;**

4. **Ослободување од плаќање на царински давачки;**
5. **Ослободување од обврска за доставување на гаранција како инструмент за обезбедување на царински долг;**
6. **Ослободување од надоместок за уредување на градежното земјиште**

наведени во член 3 од Предлог договорот претставуваат доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко - индустриски развојни зони за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила Законот за технолошки – индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко – индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија.

Во однос на мерката

7. **Помош во износ до 10% од износот на реализирани почетни или дополнителни инвестициски вложувања, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност во период од 5 години**

предвидена во членот 3.3 од Предлог договорот, Комисијата утврди дека истата **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата. Во член 4.5 од Предлог договорот примателот на помошта се обврзува да ја задржи инвестицијата за период од најмалку пет години сметано од датумот на завршување на инвестицискиот проект, што е во согласност со член 6 (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/13).

Мерката

8. **Дополнителна помош во износ од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност во период од 5 години.**

е предвидена во член 3.4 од Предлог договорот како дополнителна државна помош, независно од друга државна помош добиена согласно Предлог договорот.
Како и претходната мерка и оваа мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата.

Услов за доделување на државната помош во Предлог договорот е доколку примателот на помошта инвестира вкупен износ од најмалку 2.500.000 евра како оправдани инвестициски трошоци до датумот на завршување на инвестицискиот проект (член 4.1 од Предлог договорот) но не подоцна од истекот на петтата

година од датумот на почетокот на Договорот, односно од 19.05.2020 година (член 1.1 од Предлог договорот). Доколку до датумот на завршување на инвестицискиот проект примателот на помошта не успее да реализира најмалку 80% од овој износ, истиот ќе плати казна во износ од 10% од разликата меѓу реализираниот износ и износот од 2.500.000 евра. Во таков случај, државната помош ќе биде доделувана се додека не достигне 50% од оправданите инвестициски трошоци.

Член 6 од Предлог договорот предвидува дека кумулативната регионална државна помош не може да биде поголема од 50% од потврдениот износ на оправдани инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување на инвестицијата.

Во однос на член 6.2 од Предлог договорот, Комисијата укажува особено на обврската на Давателот да води сметка во ниеден момент износот на доделена државна помош да не надмине 50% од оправданите инвестициски трошоци.

Комисијата го потсетува Давателот на државна помош на законската обврска, во случај на склучување на договор за доделување на државна помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави Известување во смисла на член 13 од Законот за контрола на државната помош.

Комисијата го задржува правото на измена на ова Мислење доколку во процедурата на договарање дојде до суштинска промена на текстот на Предлог договорот за доделување на државна помош во однос на текстот кој е доставен со Барањето за мислење.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**